20192343649

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 28 октомври 2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО ПРИМАРНА СТОМАТОЛОШКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат примарна стоматолошка здравствена заштита („Сл. весник на РМ“ бр. 80/2004, 24/2005, 137/2006, 62/2011, 42/2012 и 7/2016), членот 6-а се менува и гласи:

„Во зависност од бројот на остварените поени, вредноста на поенот се пресметува на следниот начин:

1. до 1800 поени 100% од утврдената вредност на поенот;
2. за секој нареден поен од 1801 до 2800 поени, 70% од утврдената вредност на поенот;
3. за секој нареден поен од 2801 до 3800 поени, 45% од утврдената вредност на поенот;
4. за секој нареден поен над 3801 поени, 30% од утврдената вредност на поенот.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство, а ќе се применува од 1.10.2019 година.

Бр. 02-17714/20
29 октомври 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.